РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
~~АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ~~ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 12-2623/2
12.06.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-2623/1 од 03.06.2024 година, поднесено од барателот на информација , е-маил: а ден __.06.2024 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш.арх. 12-2623/1 од 03.06.2024 година, поднесено од барателот на информација адвокат е-маил: во однос на следните информации од јавен карактер:
   - регистрирани програмски пакети (потврди) (од почеток на давање на услугата).

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, што е наведена во точка 1 на ова Решение, со тоа што Ве известуваме за следното:
   - правниот субјект досега никогаш не побарал и не бил регистриран/евидентиран во регистарот на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација адвокат од Скопје, е-маил: поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр. 12-26223/1 од 03.06.2024 година, со кое се бара пристап

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

до информации од јавен карактер - регистрирани програмски пакети (потврди) Биг Сат (од почеток на давање на услугата).

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член 88 од Законот за општата управна постапка и член 30 став 5 од Законот за јавните набавки, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

________________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.